Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии
Бр. 03-892/1
24-04-2017 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО СТРУЧНО УЧИЛИШТЕ
ИЛИНДЕН
Бр. 03-59/1
20.04. 2017 год.
Општина Илинден

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Арх. бр. 03-678
20.04 2017 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

склучен помеѓу

1. **Факултетот за електротехника и информациски технологии** во состав на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ бр.18 Скопје (во натамошниот текст: **Факултетот**) претставуван од деканот, проф. д-р Димитар Ташковски и

2. Средното општинско стручно училиште *Илинден*, со седиште на Ул.534 бр.29 Марино-Илинден,1041 Илинден, со ЕМБС:6868410 и ЕДБ: МК 4054013502002, (во натамошниот текст: **Училиштето**) застапувано од директор Зоран Арсовски

## ЦЕЛИ

Член 1

Со овој меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу потписниците за работи од заеднички интерес базирани на искористувањето на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови насочени кон унапредувањето на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на електротехниката и информациските технологии.

## ПОЛЕ НА СОРАБОТКА

Член 2

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на нивната работа, со посебен акцент на следните полиња на соработка:

1. Работа на развојно-истражувачки проекти, реализирани преку соработка на експертски и професионални тимови определени од потписниците;

2. Работа на едукативни проекти;

3. Обезбедување пристап во лабораториите на Факултетот за изработка на проектни задачи од страна на учениците од Училиштето;

4. Пригодни предавања од наставниците од Факултетот за потребите на наставниот процес на Училиштето;

5. Размена на стручна литература;

6. Взаемно информирање за настани од интерес на потписниците (предавања, семинари и сл., а организирани од страна на потписниците);

7. Заеднички активности насочени кон одбележувањето на разни настани, годишнини, јубилеи и сл.

## КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

Член 3

Потписниците на Меморандумот најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто ќе расправаат по прашања поврзани со остварување на целите на

Меморандумот како и за другите дополнителни акти што ќе произлезат од истиот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 4

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето. За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот по потреба се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.

Меморандумот е потпишан од страна на Деканот на Факултетот за електротехника и информациски технологии од една страна и од директор на СОСУ „Илинден"-Илинден од друга страна.

Меморандумот е изготвен во 3 (три) еднакви примероци, од кои по еден примерок за секој потписник.

ДЕКАН
Проф. д-р Димитар Ташковски

ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р Жика Стојановски

ДИРЕКТОР
Зоран Арсовски